# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: Трговско радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје
За: Управител/ главен и одговорен уредник

Бр. 03-11

Скопје 17.08.2018г.

Предмет: Укажување за констатирани прекршувања со надзор реализиран врз основа на претставка

Почитувани,

На 6 август 2018 година, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги беше доставена претставка од гледач во врска со времетраењето на реклама на поделен екран за концертот на Марија Шерифовиќ во Охрид, емитувана повеќе пати на програмата на 1ТВ.

Во недостиг на интегрална снимка од вашата програма, а со цел утврдување на основаноста на претставката, Агенцијата ги прегледа снимките од неколку ваши емисии емитувани на 31 јули, 1 и 3 август 2018 г., достапни на вашата веб страна и извадоците од емисии достапни на Јутјуб. Притоа беше констатирано дека за цело времетраење на овие содржини (секоја од нив трае повеќе од 1 час) е емитувана реклама на поделен екран за концертот на Марија Шерифовиќ во Охрид.

Според член 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) времетраењето на рекламирањето не смее да изнесува повеќе од 12 минути на еден реален час. Рекламирањето на поделен екран е нова рекламна техника која се калкулира во рамки на дозволениот лимит за рекламирање на реален час според должината на нејзиното времетраење. Исклучок се ситуациите кога оваа рекламна техника се користи за означување на спонзор. Со начинот на емитување на рекламата за концертот, освен што ги надминавте дозволените лимити за рекламирање во повеќе реални часови, повеќе денови, односно го прекршивте член 100 став 1 од ЗААВМУ, го прекршивте и член 98 став 2, односно правилата за нови рекламни техники утврдени во Правилникот за нови рекламни техники.

Бидејќи, не располагавте со снимки од Вашата програма од 1 и 2 август 2018 г., за што писмено не известивте, направивте повреда и на член 47 став 1 од ЗААВМУ, според кој сте должни да го снимате излезниот сигнал од вашата програма и снимките да ги чувате најмалку 60 дена по емитувањето.

Очекуваме веднаш да го усогласите своето работење со обврските од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во спротивно, ќе бидат изречени соодветни мерки.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Директор

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата „Панко Брашнаров“
ул. „Македонија“ бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk